Секретар

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 175 | | |

5482

( Образец ПП......)

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Предмет: Браање за информации во врска со донациите за изведба на рекламни паноа на стадионот „Петар Милошевски" од Заштитна работилница печатница „ГРАФО ПРОМ„ дооел Битола и проектантски надзор над изведбата на рекламни паноа на стадионот „Петар Милошевски" од Друштво за градежништво, производство и услуги АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ Битола.

1.Кога точно започнале и кога завршиле градежните активности, односно поставувањето на металната конструкција, печатењето и поставување на рекламните паноа.

2.Кој ја издал дозволата за изведување на овие работи и дали за истата имало изготвен проект со предмер и пресметка.

3.Кој го формирал надзорот, на кој временски период се однесувал и според кој проект, предмер и пресметка се вршел надзорот.

4.Кој ја издал дозволата за работите за кои "Архитектон"вршел надзор.

5.Како е можно општината да донесе одлука за прифаќање на двете донации дури откако се завршени сите градежни активности и надзор, односно без претходно формално одобрение.

6.Дали постои документација што го оправдува овој распоред на активности, и ако да да се достави или да се наведе начин на увид.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- **д) друго електронски запис и видео изјава за телевизија Тера_**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго електронски и во директна [redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола, 01.12.2025 година .**

[redacted]

(доколку баран [redacted])

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Секретар на Општина Битола

Бр.11-175/2
04.12.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-175/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молиме за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА 11 175/3

16. 12. 2025

**Градоначалник**

До

Лица за посредување при остварување на правото

за пристап до информации од јавен карактер

Марија Атанасовска

Емилија Илиевска

15.12.2025

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер** [redacted]

Почитувани,

Во врска со доставените прашања согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следните информации:

Општина Битола и Фудбалската федерација на Македонија професионално и во потребните рокови го заврши процесот на реновирање и приспособување на стадионот „Петар Милошевски" за одигрување на меѓународни натпревари од високо ниво. Стадионот ја помина инспекцијата на Европската фудбалска унија (УЕФА) и доби лиценца за втора категорија, што вклучува меѓународни натпревари и на клупско и на репрезентативно ниво.

Стадионот „Петар Милошевски" во Битола со оваа лиценца на 9 септември стана домаќин на квалификацискиот натпревар за Европското првенство, во кој репрезентацијата на Македонија до 21 година се соочи со селекцијата на Италија.

Во процесот на комплетирање на стадионот реконструирана е јужната трибина, поставени се нови столчиња, осветлување и соодветна адаптација на истата, целосно е обновена и обложена патеката (просторот меѓу теренот и трибините), службените простории и медија делот се целосно опремени со мебел и потребен инвентар, набавени се нови клупи за резервни фудбалери, уреден е ВИП просторот, а стадионот доби и донација од ФФМ на современ ЛЕД семафор. Дополнително, теренот е обновен со механизација и лица ангажирани од федерацијата, со што е обезбедена максимална подготвеност за натпреварот.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61   7000 Битола   Република Северна Македонија

тел: 047 234 234   047 208 340   факс: 047 208 307   e-mail: bitola@mt.net.mk   www.bitola.gov.mk

Во истиот контекст, изведбата на рекламните паноа е извршена, согласно изготвениот проект за кој е склучен договор со Архитектон Дизајн ДООЕЛ Битола, за изведување на рекламни паноа на нова конструкција на постојни ѕидови – стадион. Договорот е склучен на 21.08.2025, а сите активности се реализирани според утврдената динамика.

Спроведените активности и постапки (надзор, прифаќање на донации и друго), се завршени во дадените рокови, во согласност со законските услови кои произлегуваат од важечките закони за ваков вид на постапки.

Дадените донации, не создаваат директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Со примена на важечките закони, беше овозможено, Битола да биде домаќин на натпревар за Европско првенство, во согласност со јавниот интерес, со посебен акцент на поддршката на развојот на спортот во Битола.

Донесените одлуки за прифаќање на донација се јавно објавени во Службен гласник на Општина Битола и истите се достапни за Ваш и увид на јавноста.

Во однос на прашањето за распоредот на активностите, Ве известуваме дека начинот на кој се спроведуваат активностите е дефиниран во законите според кои работи локалната самоуправа и не постои посебен документ кој е означен како „распоред на активности“ и кој би можел да се достави на увид, имајќи предвид дека, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Со почит,

Градоначалник на општина Битола

Тони Коњановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи

Одделение за административни и општи работи

Бр.11-174/4
16.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **01.12.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-175/2025** од **01.12.2025 година**, во врска со информации во врска со донациите за изведба на реклами паноа на стадионот „ Петар Милошевски'' од Заштитна работилница печатница „ГРАФО ПРОМ ''дооел Битола и проектански надзор над изведбата на рекламни паноа на стадинот „Петар Милошевски''од друштво за градежништво,производство и услуги АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-174/2025 на ден 01.12.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со во врска со информации во врска со донациите за изведба на реклами паноа на стадионот „ Петар Милошевски'' од Заштитна работилница печатница „ГРАФО ПРОМ ''дооел Битола и проектански надзор над изведбата на рекламни паноа на стадинот „Петар Милошевски''од друштво за градежништво,производство и услуги АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-175/1 од 01.12.2025.
2. Допис до Секретар на Општина Битола бр.11-175/2 од 04.12.2025.
3. Одговор од Градоначалник на Општина Битола бр.175/3 од 16.12.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 16.12.2025 година, под бр. 11-175/4.

**Службено лице за посредување при остварување правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА